

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец август 2019

Датум: 30.08.2019
Сектор за инвестиции

## Содржина

1. ВВ Тиквеш АД Кавадарци ........ 3
1.1. Општ дел ........ 3
1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци ........ 6

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец август 2019 година се одржа акционерското собрание на **Тиквеш АД Кавадарци,** компанија во кои задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

# 1. ВВ Тиквеш АД Кавадарци

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **ВВ Тиквеш АД Кавадарци** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,80%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,11%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 07.08.2019 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | Усвојување Записник од Собранието на акционери од 22.11.2018 година.<br><br>1. Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2018 година, Финансиските извештаи за работењето за 2018 година, Завршната сметка и резултатите од работењето за 2018 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2018 година и донесување на одлуки за следново:<br><br>• Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година | |

| | |
|---|---|
| | • Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа Мур Стивенс Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година<br>• Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година<br>• Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2018 година<br>• Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година<br>• Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година<br><br>2. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2019 година<br><br>3. Донесување на Одлука за измени и дополнувања на Статутот на ВВ Тиквеш АД Кавадарци<br><br>4. Донесување на Одлука за одобрување зделка со заинтересирана страна |
| *Претставници на Собранието* | Васко Богдановски |

**II. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на ВВ Тиквеш АД Кавадарци се одржа на 07.08.2019 година со почеток во 12:00 часот во седиштето на Друштвото М6 Едукативен центар Скопје, на улица 810 бр. 2, Скопје.

Претставникот на Сава Пензиско Друштво АД Скопје во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци гласаше на следниот начин:

Усвојување Записник од Собранието на акционери од 17.07.2018 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

**Работен Дел**

1. Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2018 година, Финансиските извештаи за работењето за 2018 година, Завршната сметка и резултатите од работењето за 2018 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2018 година и донесување на одлуки за следново:

- Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа Мур Стивенс Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2018 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2018 година

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Донесување на Одлука за измени и дополнувања на Статутот на ВВ Тиквеш АД Кавадарци

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Одлука за одобрување зделка со заинтересирана страна

**Гласањето за оваа точка се одлага**

### 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за негово одржување, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 86,77% од акциите со право на глас.

Пред да се започне со гласање **како позитивен пример за корпоративно управување**, за збор се јавија финансискиот директор и претставникот на ревизорската куќа Мур Стивенс Скопје, кои во своите излагања ги образложија податоците од ревидираните финансиски извештаи.

Ревизорот истакна дека имале одлична комуникација со менаџментот на ВВ Тиквеш АД Кавадарци, и податоците прикажани во финансиските извештаи ја претставуваат објективната состојба за компанијата.

За збор се јави и Генералниот директор кој транспарентно го образложи досегашното работење на ВВ Тиквеш АД Кавадарци, пазарната поставеност на компанијата и даде свој поглед за идните планови и насоки за развој на Винаријата.

Пред да биде изгласана Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци од 2018 година, претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје постави прашање: На што се должи забележителниот раст на ставката **Останати оперативни расходи** во финансиските извештаи? Од страна на Генералниот директор беше одговорено дека во изминатата година направени се големи инвестиции со цел зголемувањето на пазарното учество на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во Р. Србија.

В.В. Тиквеш АД Кавадарци во своите ревидирани консолидирани финансиски извештаи за 2018 година прикажа нето приходи од продажба во износ од 1.530 милиони денари, кои се повисоки за 5% во однос на 2017 година. Растот на приходите беше проследен и со раст на трошоците и раст на инвестициите кои придонесоа за намалување на оперативната добивка за 11,9% и намалување на нето добивката за 5,9%, односно овие две ставки заклучно со 31.12.2018 година изнесуваат 184,9 милиони денари и 133,8 милиони денари соодветно.
Вкупните средства на 31.12.2018 година изнесуваа 3.130 милиони денари, а вкупните обврски 1,187 милиони денари.

На акционерското собрание присутните акционери гласаа „ЗА" за усвојување на Завршната сметка, Финансиските извештаи, Извештајот на службата за внатрешна ревизија. На собранието се изгласа доверба на Управниот и Надзорниот одбор, и се усвои одлуката за распределба на добивката.

По точката 3 од дневниот ред, присутните акционери, гласа за усогласување на одредбите од статутот на ВВ Тиквеш АД Кавадарци со одредбите од Законот за трговски друштва донесени после измени и дополнувања на ЗТД.

Се предложи одложување на гласање на точката 4 од дневниот ред, откако на собранието на акционери се презентираше ново Известување од Комерцијална Банка АД Скопје за замена на обезбедувањето и повлекување од Договорот за пристапување кон долг на ВВ Тиквеш АД Кавадарци. После прифаќањето на новото известување, Собранието на акционери веќе немаше правна основа да одлучува за предложениот Договор за пристапување кон долг, па предложената точка за одобрување зделка со заинтересирана страна се одложи за одлучување на идно Собрание на акционери.

Со одлагањето на последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.